ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за правда–Управа за извршување на санкциите на сметката на основниот буџет (637) за 2020 година.

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- не функционирање на внатрешната ревизија и не извршена ниту една внатрешна ревизија во Управата и
- затворениците и лицата со мерка притвор не се здравствено осигурени.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме поволно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**

- екипирање и функционирање на внатрешната ревизија во Управата и
- Управата редовно да пресметува и во координација со надлежните органи да врши исплата на придонеси за задолжително здравствено осигурување и придонеси врз основа на инвалидност и телесно оштетување за лицата кои се на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно - поправен дом.

**Клучни системски слабости:**
Електронските алки и системот за следење и спроведување на мерката притвор во РСМ се уште не е активен, за што надлежните институции во соработка со Управата потребно е да преземат мерки и активности, за овозможување оперативност и непречено функционирање на опремата за електронски надзор, со цел извршувањето на пробациските работи, односно обезбедување на ефикасен систем на електронски надзор при извршување на мерката куќен притвор на цела територија на РСМ.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk